РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1896/1
04-05-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 31 -та седница одржана на 22.04.2025 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр. 12-1174/1 од 26.03.2025 година, оформен по доставена пријава против Општина ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-1174/1 од 26.03.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 26.03.2025 година, поднесена е пријава против Општина ---- и оформен е предмет бр. 12-1174/1 од 26.03.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сторени неправилности во постапка за јавна набавка по оглас бр. ----/2025 година, за набавка на работи – ----, со изградба на мост на каналот "----", и дислокација на дел од каналот под крстосницата. Подносителот на пријавата тврди дека ставката – машински инженер била ставена со цел елиминирање на конкуренцијата. Управителот на фирмата ----, чијашто понуда била избрана за најповолна од страна на Општина ----, наводно не го исполнувала горенаведениот услов, бидејќи единствениот машински инженер вработен во фирмата бил пензиониран. Дополнително, наводно била поставена уште една ставка за елиминирање на конкуренцијата – Бетонска база

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

сертифицирана со Сертификат за електронски извештај, лоцирана на растојание од максимум 20 километри од ----. Исто така, на тендерот учествувала само една фирма што ја доведувало во прашање законитоста на тендерот со оглед дека максималниот износ на финансиската рамка бил голем за општински услови, односно изнесувал ----денари со ДДВ.

Видно од предметната документација доставена во прилог на пријавата, односно допис – Известување бр. ----/2 од 07.03.2025 година, коешто Општина ---- го доставила до Бирото за јавни набавки (понатаму: БЈН), напомenале дека спорната постапка била објавена по втор пат со иста тендерска документација. Во првата постапка – оглас бр. ----/2025 од 17.12.2025 година, биле поднесени две понуди од кои едната од понудувачот ---- (носител на набавката согласно склучен договор за заеднички настап – ----), била отфрлена заради формални недостатоци, односно понудата не била потпишана дигитално со квалификуван дигитален сертификат, а со оглед на тоа што втората понуда од понудувачот ----, била повисока од проценетата вредност на набавката, истата била отфрлена како финансиски неприфатлива, по што следувало постапката да се поништи поради тоа што не била поднесена ниту една прифатлива понуда. Во горенаведената постапка немало забелешки на предвидените критериуми, односно не било поставено ниту едно прашање, ниту пак била поднесена жалба на тендерската документација во однос на предвидените критериуми за способност. Со истата тендерска документација и истите критериуми за способност на ден 17.01.2025 година била започната втората постапка со објавување на оглас бр. ----/2025 година. Во текот на постапката немало забелешки за предвидените критериуми, односно не било поставено ниту едно прашање за способност, што било показател дека евентуалните понудувачи немаат никакви забелешки на предвидените критериуми за способност. Дополнето е дека критериумите за способност не се дискриминирачки, бидејќи нивното исполнување може да биде самостојно или со користење способност од други субјекти или поднесување понуда.

Заради дополнителна проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Комисијата за заштита на конкуренцијата (понатаму: КЗК).

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

КЗК со допис – Одговор на барање за доставување на податоци и информации бр. ----/2 од 09.07.2025 година, образложи дека немале надлежност за проверување на вистинитоста на податоците во пријавата, односно дали неправилностите во конкретната јавна набавка се вистините или не. Дополнително во однос на наводите дека со определени ставки намерно се елиминирала конкуренцијата, КЗК истакнала дека конкретната јавна набавка била објавувана два пати со истата тендерска документација, односно со исти критериуми за способност и во текот на постапката немало забелешки по однос на критериумите, не биле поставувани прашања, ниту била поднесена жалба по однос на критериумите за способност до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

***Според член 81 став 4 од Закон за јавните набавки*** *(„Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/2021 и 14/2025) (понатаму: ЗЈН), договорниот орган е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени кои економските оператори можат да ги постават во врска со тендерската документација, под услов истите да бидат поднесени најмалку осум дена пред крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество, односно шест дена кај поедноставената отворена постапка и четири дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас.*

***Според член 96 став 1 од ЗЈН,*** *економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив.*

***Според член 138 став 1 од ЗЈН,*** *секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.*

***Според став 2 од истиот член,*** *правна заштита може да бара и Бирото за јавни набавки и државниот правобранител на Република Македонија, кога ги штитат интересите на државата или јавниот интерес.*

*Според член 143 став 1 точки 1 до 4 од ЗЈН, во отворената постапка, жалба се изјавува во рок од десет дена, додека во поедноставената отворена постапка и набавката од мала вредност во рок од пет дена, од денот на: објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација; објавување на известувањето за измени и дополнителни информации, во однос на содржината на измените и дополнителните информации; отворање на понудите, во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација или; прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката.*

Видно од предметната документација и релевантните законски одредби од ЗЈН, ДКСК констатира дека спорната јавна набавка два пати била објавувана со идентична тендерска документација, односно исти критериуми за способност. Во текот на постапката за спорната јавна набавка немало забелешки во однос на критериумите, немало поставени прашања, ниту пак имало поднесена жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во однос на критериумите за способност.

Во однос на наводите во претставката дека економскиот оператор не исполнувал еден од критериумите за способност, односно во моментот на поднесување на оваа претставка, подносителот како единствениот машински инженер вработен во економскиот оператор бил пензиониран, ДКСК цени дека во моментот кога бил склучен договор за јавна набавка на работи истиот не бил во пензија, а дополнително ЗЈН дава можност економскиот оператор да ја користи професионалната способност на други субјекти.

Дополнително, подносителот наведува дека на ден 31.01.2025 година, побарал престанок на неговиот работен однос од работодавачот ----, поради заминување во пензија, додека огласот за јавната набавка бил објавен на ден 17.01.2025 година, а понудата од ----со број ----/96 е заведена со датум од 27.01.2025 година, односно, неколку дена пред барањето и заминувањето во пензија на машинскиот инженер – подносител на пријавата, што значи дека во моментот на

поднесувањето на понудата економскиот оператор ги исполнува условите предвидени во јавниот оглас.

Во однос на наводите во претставката кои се однесуваат на тоа дека на тендерот учествувала само една фирма што ја доведувало во прашање законитоста на тендерот со оглед дека максималниот износ на финансиската рамка бил голем за општински услови, ДКСК утврди дека согласно одредбите од ЗЈН со кои се регулира поедноставената отворена постапка, не се предвидени ограничувања за бројот на економски оператори коишто треба да поднесат понуда со цел да се спроведе постапката по јавна набавка.

Исто така, ДКСК изврши увид во Електронскиот систем за јавни набавки, по што констатираше дека договорот за предметната јавна набавка, заклучно со ден ----.03.2026 година, бил со процент на реализација од 99,97 %.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК